**Врз основа на член 17 став 1 алинеа 12 од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 14/24, 224/24, 3/25), а во врска со ORO.SPO.110 Authorisation of high risk commercial specialised operations, од ЕУ Рег. 965/2012, транспонирана со Правилникот за летачки операции ("Службен весник на Република С. Македонија" бр. 195/24), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја донесе следната**

# ОПЕРАТИВНА ДИРЕКТИВА ЗА БЕЗБЕДНОСТ

| | |
|---|---|
| **Предмет:** | **Максимална возраст на повеќечлен екипаж на воздухоплов при извршување на високоризични специјализирани операции.** |
| **ОДБ број:** | 2025-002-OPS |
| **Издадена:** | 03.07.2025 |
| **Ефективна од:** | 03.07.2025 |
| **Ревизија:** | 00 |

- **Цел на оперативната директива**

Целта на оваа оперативна директива е да се ограничи максималната возраст на членовите на екипаж на воздухоплов кој извршува високоризични специјализирани операции, кои се предмет на одобрување од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство.

- **Причина за издавање на оперативната директива**

Со оглед на тоа што во позитивните прописи се регулира само максималната возраст на пилоти ангажирани во комерцијален воздушен сообраќај (FCL.065 Curtailment of privileges of licence holders aged 60 years or more in commercial air transport), а имајќи ја во предвид комплексноста и тежината на операциите, се наметна потреба од ограничување на максималната возраст на повеќечлен екипаж при извршување на високоризични специјализирани операции. Директната причина за издавање на оваа директива е што при инспекција на платформа (ramp check), при извршување на високоризични специјализирани операции, се утврди дека вкупната возраст на двајцата пилоти

изнесуваше 136 години, односно, водачот на воздухоплвот беше на возраст од 71 година, а копилотот беше на возраст од 65 години.

- **Применливост**

- Одредбите од оваа оперативна директива ќе се применуваат на сите пилоти ангажирани за извршување на високоризични специјализирани операции.
- Декларираните оператори кои бараат одобрение за високоризични специјализирани операции, должни се при изготвувањето на Стандардните оперативни процедури во согласност со SPO.OP.230 Standard operating procedures., во делот "членови на екипаж", да дефинираат максимална возраст на пилотите, така што вкупната возраст на двата пилоти нема да биде поголема од 125 години.

- **Дефиниции**

За потребите на оваа оперативна директива, одредени поими и изрази го имаат следното значење:

1. Високоризични специјализирани операции се:

- сите операции што се изведуваат на подрачје каде што е веројатно дека безбедноста на трети лица на терен ќе биде загрозена во случај на вонредна состојба, или
- сите операции утврдени од Агенцијата за цивилно воздухопловство како високоризични, поради специфичната природа и локалната средина во која се извршуваат и затоа што претставуваат висок ризик, особено за трети лица на терен.

- **Потребна активност и време на придржување**

**I. Одговорности на операторот:**

Декларирани оператори за специјализирани операции, кои планираат високоризични специјализирани операции, кои се предмет на одобрување од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство, при изготвувањето на Стандардните оперативни процедури во согласност со SPO.OP.230 Standard operating procedures., во делот "членови на екипаж", да дефинираат максимална возраст на пилотите, така што вкупната возраст на двата пилоти нема да биде поголема од 125 години.

## II. Одговорност на член на летачки екипаж - пилот:

Да не извршува должности како пилот на повеќечлен екипаж на воздухоплов, доколку вкупната возраст на двајцата пилоти е поголема од 125 години.

Оваа оперативна директива ќе се применува се додека не биде заменета со друга оперативна директива или не биде повлечена.

**Забелешки**

1. Прашањата во врска со оваа оперативна директива треба да се доставуваат до Агенцијата за цивилно воздухопловство на следната адреса: ops@caa.gov.mk

**Директор**
**Драги Стојаноски**